МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К
## Од Тринаесетата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 08.10.2025 година, во 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на тринаесетата седница на Програмски совет на МРТ: *Давор Пашоски, Баким Лачи, Ивана Ефремовски, Томислав Кежаровски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Билјана Бабиќ, Лазо Трпков, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Маја Седрак и Миле Грозданоски*

Он-лајн ја следеа седницата: *Владимир Палашевски*

Други присутни на седницата: *Марјан Цветковски, Генерален директор на МРТ*

Тринаесетата седница на Програмскиот совет започна во 11:08 часот со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Тринаесетата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Одлука за отфрлање на Барање поради ненадлежност**
2. **Предлог – Барање мислење до Собрание на Република Северна Македонија**
3. **Предлог Акционен план за инвестиции на ЈРП МРТ**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Одлука за отфрлање на Барање поради ненадлежност**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Одлуката за отфрлање на Барањето поради ненадлежност на Програмскиот совет на МРТ, а тоа поради што на претходната 12-та седница, Советот **едногласно заклучи дека не е надлежен** за постапување по ова барање.

Согласно добиеното **мислење** кое беше доставено на претходната седница, целосно е утврдено дека лицето за кое се однесуваше Барањето, **не бил во работен однос со МРТ**, туку бил ангажиран по **договор за дело**, со уредно исплатени обврски.

Програмскиот совет, согласно **член 124 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, **нема надлежности во однос на вработените и нивните права**, бидејќи тоа е во исклучива надлежност на директорот.

Поради тоа, се предлага Советот да ја **донесе Одлуката за отфрлање на барањето поради ненадлежност**, во согласност со **член 40 став (7)** од **Законот за општата управна постапка.**

Претседателот Давор Пашоски ја стави точката на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 2. Предлог – Барање мислење до Собрание на Република Северна Македонија**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, ја објасни точката 2 од Дневниот ред и рече дека како што е наведено во доставениот материјал, ова **повторно обраќање до Собранието на Република Северна Македонија**, упатено до Претседателот Африм Гаши, произлегува од потребата да се обезбеди **мислење и насока за понатамошно постапување** во ситуација кога **ЈРП Македонска радиотелевизија нема избран Надзорен одбор**.

Со ова писмо се информира Собранието дека, согласно **член 106 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, МРТ има законска обврска **до 30 октомври** да ја достави **Годишната програма за работа со Финансискиот план за 2026 година**, но поради немање Надзорен одбор, програмата ќе биде доставена **без претходно мислење од тој орган во однос на финансискиот план** кое ќе биде доставено по завршување на изборите и по изборот на нов состав на Надзорен одбор. Дополнително напомена дека финансискиот план го одобрува Собранието најдоцна до 31 декември во тековната година.

Во дописот се посочува дека:

- мандатот на претходниот Надзорен одбор завршил во март оваа година;
- претходниот Програмски совет не успеал да избере нови членови и покрај неколку јавни конкурси;
- а актуелниот Совет, поради распишувањето на локалните избори, **донел одлука за одложување на конкурсот**, согласно **член 8а алинеа 3 од Изборниот законик**, кој забранува спроведување на постапки за именувања во јавни институции во изборен период.

Токму поради тоа, Советот смета дека е важно Собранието да биде информирано и да даде **мислење или насока за понатамошно постапување**, со цел да се обезбеди **законитост и континуитет во материјално-финансиското работење на јавниот сервис.**

Истовремено, во дописот се најавува дека по завршување на изборниот процес, Советот ќе пристапи кон **изработка на нов Статут на МРТ**, што ќе овозможи спроведување на сите останати законски активности во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со ова повторно обраќање, Советот практично **потврдува транспарентен и одговорен пристап** кон институциите и бара правна насока за да се избегне застој во извршувањето на законските обврски на МРТ.
Претседателот ја стави точката на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 3. Предлог Акционен план за инвестиции на ЈРП МРТ**

Следна точка е **Предлог Акционен план за инвестиции на МРТ**, кој претставува **стратешки документ** што ги дефинира планираните капитални вложувања на јавниот радиодифузен сервис во следните неколку години.
Станува збор за документ со **значајно влијание врз технолошкиот развој и модернизацијата на јавниот сервис**, кој вклучува:

- проекти за **модернизација на продукциската технологија**,
- **воведување ОТТ платформа** за современа дистрибуција на програмските содржини,
- **дигитализација на технолошките процеси**,
- **набавка на нова опрема** (камери, кранови, роботизирани педестали, централна матрица, графички станици итн.),
- како и **реконструкција на објектот и работни простории на МРТ**.

**Претседателот на Програмскиот совет го нагласи следното:**

- Овој документ има **долгорочно стратешко значење**, бидејќи ќе влијае врз развојот, функционалноста и конкурентноста на јавниот сервис во следните години, но и ќе има **директни буџетски импликации.**
- Потребно е **Акцискиот план да биде усогласен со новата петгодишна стратегија за развој на МРТ (2026–2030)**, која, согласно **член 106 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, претставува **законска обврска** на јавниот радиодифузен сервис.
  - Важно е да се напомене дека Стратегијата се подготвува преку **јавна расправа**, во која учествуваат релевантните чинители, експерти итн.
  - Овој **Акционен план треба да биде составен дел од таа стратегија**, како нејзин оперативен инструмент.
- При понатамошното разгледување и усвојување, потребно е да се обезбеди:
  - **рационално користење на буџетските средства**,
  - **јасно утврдување на приоритетите**,
  - **спроведување на постапки за јавни набавки согласно законските процедури.**

- Дополнително, согласно процедурите, **пред усвојување на Планот треба да се добие мислење од Надзорниот одбор на МРТ**, како надлежно тело за финансиски надзор.
- Во оваа фаза, Советот **само го разгледува предлог-документот** и **ја отвора иницијалната дискусија** за неговата содржина и приоритети.

Потоа Претседателот го **повика Директорот на МРТ** да го образложи Предлог-планот и да ги претстави **главните насоки, приоритети и финансиски параметри**.

Директорот на МРТ, Марјан Цветковски образложи дека состојбите со финансирањето на МРТ полека се стабилизираат, па соодветно на тоа може да се предвидува финансискиот дел, а сето тоа е испланирано и во Годишниот финансиски план на МРТ за 2026 година, врз основа на сериозна анализа.
Сето она што ќе се применува од Акциониот план за инвестиции, најнапред ќе се достави до Одделението за јавни набавки кои ќе спроведат постапка во согласност со Законот за јавни набавки.
Ја истакна ОТТ платформата што МРТ ја има долг период во план, но за тоа се потребни повеќе финансиски средства и воедно смета дека не би требало да има проблем поради тоа што се функционира на помал пазар. Тој напомена дека ОТТ платформата е платформа на која ќе се следат сите програмски сервиси, како и сите содржини од продукцијата на МРТ, во секое време кога гледачите тоа би го посакале.
Понатаму рече дека следна ставка е надградба на системот за снимање, односно надградба на софтверот со понова верзија, како и надградба на хардвер.
Потоа би следувала замена на меѓустудиски интерком систем, поради тоа што постоечкиот е премногу стар, односно од 1984 година.
Следна ставка која ја наведе е набавката на нови камкордери за снимање на терен, за поголем продукциски квалитет.
Понатаму, набавка на камерни ланци во 4К резолуција, што би се употребувале во студијата 2 и 3, со што би се осовремениил технолошкиот процес во МТВ, и исто така набавка на кранови и роботизирани статива за камери, со кои во студијата би се снимало без физичко присуство на камерман.
Потоа ја наведе набавката на централна матрица која рече дека е срцето на МРТ и која мора да се набави.
Исто така и набавка на посовремени графички станици, а тоа бидејќи хардверот е стар, а софтверот не постигнува при секојдневна обработка, при надворешна продукција и при емитување на програмски содржини на сите програмски сервиси на МТВ.
Воедно и набавка на компјутери за канцелариско работење за новинарите, како и промена на веќе дотраените.

Понатаму ја нагласи и најзначајната ставка, а тоа е дигитализација на Македонското радио која е приоритет подолго време.
Потоа рече дека треба да се направи реконструкција на системот за прием на сателитски сигнали, со што би се подобрил квалитетот и доверливоста на приемот на сигналите преку сателит, а воедно ова е и задолжување од страна на ЕБУ, која треба да се направи до 2028 година.
Следно ја истакна набавката на две товарни комбиња за превоз на опрема во мобилната техника, како и набавката на фотоволтаици, со кои би се заштедила електрична енергија.
Следната ставка е набавка на аудиомиксери за две репортажни возила и набавка на еден видеомиксер за една режија, затоа што другите се заменети.
Понатаму исто така, како важна ставка ја наведе реконструкцијата на објекти и работни простории и тоа замена на сите прозорци во двата објекта, замена на лифтовите, поправка на климатизација, како и реконструкција на тоалетите.

Потоа збор побара Билјана Бабиќ која праша дали Програмскот совет има рок за усвојување на Акциониот план за инвестиции?
Генералниот директор на МРТ, Марјан Цветковски даде позитивен одговор образложувајќи дека од 01.01.2026 година треба да се отпочне со работа согласно Акциониот план.
Исто така, тој рече дека усвојувањето на овој Акционен план за инвестиции е во надлежност на Програмскиот совет, но за него мислење дава и Надзорниот одбор, како надлежно тело за финансиски надзор.

Следен побара збор Бурим Рамадани кој праша дали Надзорниот одбор може да даде негативно мислење за Акциониот план и да го врати назад.
Генералниот директор на МРТ Марјан Цветковски одговори дека може да се даде негативно мислење од страна на Надзорниот одбор.
Потоа побара збор Томислав Кежаровски, кој рече дека ќе го чека мислењето на Надзорниот одбор, па потоа тој ќе го каже својот став по однос на Акциониот план за инвестиции.

Директорот на МРТ, Марјан Цветковски истакна дека давањето мислење од страна на Надзорниот одбор по однос на Акциониот план за инвестиции, се состои во тоа што, утврдува дали финансиските средства се предвидени во Годишниот финансиски план на МРТ, или не.
Потоа Маја Седрак рече дека планот е поделен на 2026 година и 2027 година, но дали финансиските средства се утврдени колку ќе бидат за 2027 година.
Директорот на МРТ Марјан Цветковски, одговори дека тоа е предвидено во финансискиот план и дека МРТ е сериозна во оваа работа, при што досега немало никаква забелешка од страна на Државниот завод за ревизија.

Воедно истакна дека на 07.10.2025 МРТ ја посетиле претставници од Светска нанка за да се види начинот на кој работи МРТ, при што од нивна страна е добиено позитивно мислење.
Потоа за збор се јави Ивана Ефремовски која рече дека таа поддржува инвестиции за подобра програма на МРТ. Според неа треба да има повеќе преведена и надсинхронизирана детска програма за МРТ1 и МРТ2.
Следен зема збор Музбајдин Ќамиљи кој праша дали конкретно се знае што ќе биде инвестицијата.
Директорот на МРТ Марјан Цветковски одговори дека се е неведено во планот и дека се работи за целата инфраструктура на МРТ и комплетно ново радио.

Понатаму побара збор Миле Грозданоски кој праша дали ратите кои ќе се исплаќаат нема да сметаат издатоците за програмата?
Генералниот Директор на МРТ, Марјан Цветковски одговори дека нема да сметаат, бидејќи се утврдени во буџетот за 2026 година, а буџетот за 2027 година ќе порасне, а сето тоа бидејќи МРТ се финансира со 1% од вкупните даноци во државата, а воедно напомена и дека буџетот за 2026 година е скоро потрошен, поради тоа што веќе е започнато со склучување на Договори.

Потоа зема збор Ивана Ефремовски која говореше дека на меил адресата на Програмскиот совет постојано се испраќаат барања за враќање на нашата држава на Избор за песна на Евровизија. Па така таа информираше исто како и пред две седници, дека најголем дел од предлозите се Боби Андонов да биде претставник на Евровизија при евентуално враќање на ова музичко натпреварување, а тоа продолжува од страна на евровизиските фанови.
Но, овој пат Програмскиот совет на МРТ бил контактиран лично од овој млад пејач кој побарал неговото обраќање да се проследи и со останатите членови на Советот. Тој споделил дека управно тело при Владата на Австралија за автори и композитори веќе се согласиле да обезбедат финансиска поддршка и медиумска покриеност, доколку Македонија потврди учество. Тој вели дека неговиот тим обезбедил дополнителен интернационален фонд за покривање на сето тоа што не е во предвидениот буџет, со што кампањата на Македонија ќе биде претставена глобално и современо без да се потрошат македонски средства. Покрај неговото писмено обраќање тој испратил и две презентации во кои се наведени бројни информации за Евровизија, за неговата кариера и зошто токму тој треба да биде претставник на Македонија на Евровизија. Го презентирал повратот на инвестиции, градењето на глобална кампања, го претставил и тимот со кој би работел за пишување и продукција, па дури и каде би го снимил евровизискиот спот и каков стајлинг планирал да претстави. Таа напомена дека и покрај тоа што Програмскиот совет веќе се изјасни по однос на оваа тема, Советот да креира став и да одговорат на барањето.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474
www.mrt.com.mk

Понатаму збор зема Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски, кој ги извести членовите за неговото **учество во својство на Претседател на Програмскиот совет на МРТ** на **„CEE Leadership Summit 2025“**, организиран од **Европската радиодифузна унија (EBU)** во **Брисел**, во соработка со **RTBF**, во периодот **од 30 септември до 2 октомври 2025 година**.

Самитот беше посветен на **три клучни столба на јавните сервиси во демократијата**:

1. **Предвидливо и доволно финансирање**,
2. **Независност на јавните медиумски сервиси**,
3. **Одговорно и етичко информирање и лидерство.**

Во рамките на дискусиите беа презентирани најновите податоци за финансирањето на јавните сервиси во регионот, според кои **Македонија се наоѓа блиску – и за нијанса над просекот на земјите од Европската унија и земјите од Централна и Источна Европа**, според уделот на **буџетските трошоци за јавни медиумски сервиси во БДП**.

Исто така беа презентирани **примери за рационализација на трошоците** во категориите **забава и спорт**, со цел **зачувување на информативната, културната и образовната продукција** како суштински делови од јавната мисија на јавните сервиси.

Особен акцент беше ставен на потребата од **долгорочен и стабилен модел на финансирање**, усогласен со европските стандарди, како и на **улогата на независните управни органи** во заштитата на јавниот интерес и демократските вредности.

На крај, **тој ја закажа следната, 14-та седница на Програмскиот совет на МРТ за 17 октомври 2025 година (петок), со почеток во 11:00 часот**, на која **главна точка на дневниот ред ќе биде разгледување на дополнетата Предлог-програма за работа на МРТ за 2026 година**.

Со цел членовите на Советот навремено и соодветно да ја разгледаат, **материјалот да биде доставен најдоцна до 15 октомври 2025 година.**

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски ја затвори Тринаесетата седница на Програмски совет на МРТ во 12:09 часот.

Записникот го водеше:
Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-5961/2
08.10.2025г.

_________________________

Давор Пашоски